***З А П И С Н И К***
***од 15-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 14.10.2022 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и Валентин Несмороски.

Од општинската администрација присутни беа Марина Поповска, Моника Петревска и Катерина Огненовска. На седницата присутен беше дитекторот на ЈКП Комуналец Гоце Мицковски. Со предходно најавување за присуство на седница на Совет беше Мирјана Јанчевска како граѓанин. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Донесување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година.

2.Донесување на Одлука за преземање на водовод во Единаковци

3.Донесување на Оперативна програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2022/2023 година.

4.Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација.

5.Донесување на Одлука за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2022 година.

6. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата, предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи дополнување на Дневниот ред на барање на општинската администрација со точка 5.Одлука за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2022 година. Други предлози немаше. За Дневниот ред со дополнувањето гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 1. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година***

За Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Оваа одлука беше и на предходната седница станува збор за пренамена на средства, запазена е законската рамка од 20% за пренамена на средства, а се однесува за ангажирање на лица за привремени вработувања преку агенција, моментално во архивата имаше потреба од вработување на замена, бидејќи архиварот е подолг период на боледување. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша колку вработувања се планираат. Претставникот Марина Поповска објасни моментално само во архивата, ако има потреба би се ангажирале и други лица, до крајот на годината, ако не се искористат средствата ќе се скратат. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и даде збор на Мирјана Јанчевска-граѓанин. Мирјана Јанчевска упати забелешка дека не е јасно за какви вработувања станува збор, единствено архиварот е оправдано, никогаш досега локална самоуправа не распишувала тендер за ангажирање на агенција за вработување, ова не е економски оправдано кога општината е превработена, неможе вака да се расфрлаат нашите пари. Не можи да не убедите дека тендер треба да се распише, да се ангажира агенција е оправдано. Ако се изгласа оваа точка е губите довербата на граѓаните. Претставникот од општината Марина Поповска истакна кога Мирјана Јанчевска беше вработена во општината немаше ваква дискусија од нејзина страна. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја прекина

дискусијата како граѓанин побара присуство на седницата и беше овозможено, имаше можност да ги каже своите забелешки и тука завршува дискусијата. Останува советниците да се искажат по одлуката. Советникот Аце Јанкуловски упати забелешка на користењето на правото за говор на седницата. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 6 „за“ 5 “воздржани“.

***ТОЧКА 2. Одлука за преземање на водовод во Единаковци***

За Одлуката за преземање на водоводниот систем во Единаковци директорот на ЈКП „Комуналец“ Гоце Мицковски објасни согласно закон со водоводите управува правно лице регистрирано за таа дејност, покрај тоа се практикува и мсната заедница да собере потписи 50% плус 1, за да се почни постапката. Месната заедница Единаковци има поднесено барање, има собрано потписи, излезено е на терен, водоводната мрежа е во релативно добра состојба, нема хлоринатор ќе треба да се набави и имаат три неплатени сметки за струја општината ќе ги плати, ќе треба одлука за набавка на хлоринатор. Советничката Марина Димитријовска праша колку жители има во селото. Советникот Валентин Нестороски додаде колку и да се жители, законски треба да се преземе водоводот. Директорот Мицковски објасни незнаеме точно колку жители има, потписи има, но свесно влегуваме во загуба со преземањето на водоводот. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 3. Оперативна програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2022/2023 година***

Оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2022/2023 година беше усвоена од Комисијата за јавни и комунални дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. При тоа објасни на комисијата имаше предлог да се одржува патот до манастирот „Св. Јован Претеча“ во Слепче и манасторит „Св. Атанасиј“ во Журче, бидејќи има постојани жители. Советникот Јордан Кромидаровски предложи и манастирот Св. Петар и Павле во Смилево да одржува по потреба. Директорот на ЈКП „Комуналец“ Гоце Мицковски објасни сега се носи програмата, не се знае дали чистењето ќе го земи комуналното претпријатие, исто така треба да се направи интервенција во цените, бидејќи сега трошоците се многу поголеми, доколку тендерот го земи ЈКП „Комуналец“ за да можи да се одржуваат овие правци треба да се дополнат во програмата, и забелешка има во должината прикажана во програмата, бидејќи на терен има повеќе километри. Потоа предложи да се формира комисија со претставници од Советот, општинската администрација и од комуналното претпријатие да се излези на терен и да се определат точно километрите и цената да се промени. Советничката Марина Димитријовска се согласи со предлогот за усогласување на должината на патиштата и улиците кои се чистат, општинската администрација да определи точно колку километри е должината на патиштата и улиците. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се донесе Заклучок Да се формира Комисија во која ќе учествуваат претставници од Советот на општина Демир Хисар, општинската администрација и ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар која ќе има задача да изврши ажурирање на должина на патишта и улици кој се предмет на одржување согласно надлежностите за одржување на патиштата. Да се формира економска цена за зимско одржување усогласена со зголемените цени. Програмата да се дополни со патот до манастирот „Св. Јован Претеча“ Слепче и манастирот „Св. Анасатасиј“ во Журче, бидејќи таму има постојани жители, и по потреба и манастирот „Св. Петар и Павле“ Смилево. Директорот Гоце Мицковски додаде во програмата пишува дека треба да се чисти откако ќе наврнат 10 см снег, сепак се почнува со чистење по наврнување на 2 см снег. Советничката Марина Димитријовска дополни сите се согласуваме да се направи усогласување на должините на патиштата и улиците реалната состојба и она што е на терен. Дискусија повеќе немаше. За донесување на оперативната програма со заклучокот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 4. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација***

Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација беше донесена од Комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС објасни членот на комисијата Аце Јанкуловски. За одлуката објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 5. Одлука за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2022 година***

Одлуката за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2022 година беше донесена од Комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС објасни претседателот на комисијата Иван Кузмановски со забелешка за на Совет да има подетално објаснување за парцелата и сопственоста. Претставникот Катерина Огненовска објасни се планира да се постави трафостаница не на парцелата каде се наоѓа објектот кој порано беше сопственост на ЕСМ туку на соседната парцела со јачина од 600 киловати. Оваа постапка не е во надлежност на општината таа ќе оди преку Министерство за транспорт и врски. Советникот Валентин Нестороски праша за намената, и за објектот. Претставникот Катерина Огненовска објасни земјиштето е на РМ тука се трите згради од УЈП, земјоделие, додека парцелата на ЕСМ за која е поднесена иницијативата е друга, во близина на здрадата. Советничката Марина Димитријовска праша ако се донеси одлуката има и друга постапка понатаму. Претставникот Огненовска додаде има понатаму постапка таа ќе оди преку министерството за транспорт и врски. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 10 „за“, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 6. Предлози и прашања***

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС Иван Кузмановски како предлог од комисијата ги изнесе

Предлог 1.Бидејќи на неколку наврати беше повикувана раководителката на одделението за урбанизам да присуствува на комисијата и да даде објеснување околу проблемите од областа на урбанизмот во општината, а и лично и се јавил и одбила да присуствува предложи да се најде архитект- надворешно лице кое има искуство во работата да даде објаснување и да се изнајде решение по законски пат да се надминат проблемите со кои се соочуваат граѓаните во општината во делот што е надлежност на урбанизмот. Да даде насока што треба да се прави, и како во иднина да се постапува. Исто така да се најди начин предметите во ова одделение побрзо да се решаваат, а не како сега предмет од 2018 дури сега да биди на дневен ред. За донесување на урбанистички планови само се вели скапо е тоа колку е скапо. Претставникот Катерина Огненовска објасни овај предмет одеше споро затоа што имаше проблем со земјиштето дури сега го решија. Советничката Сандра Пејковска праша зошто нема ништо за постапката за донесување на ГУП за Демир Хисар на една од предходните седници расправавме за ова и рековме да се почни постапка. Проблем беше со земјиштето што е под закуп дај нека се најди решение за тоа, тоа можи да биди години под закуп и само ќе се чека, за средства ќе се најдат нека се почни. Нека се ангажира стручно лице или фирма, каде што е надлежност на Советот ќе донесиме што треба. Што треба да се направи да се почни постапка. Иван Кузмановски објасни тоа можи само стручно лице да кажи, од разговори имало и други општини кои имале слични проблеми изнашле решение. Претставникот Катерина Огненовска објасни да се донеси одлука со која ќе се почни постапката. Советникот Аце Јанкуловски предложи на наредна седница да се стави точка на дневен ред. Советникот Сашо Михајловски предложи да се покани стручно лице да ни даде насока како да се почни. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски се согласи забелешките се прифаќаат може да се ангажира надворешно стручно лице да објасни што треба да се направи, раководителката е пред заминување во пензија, може со меѓуопштинска соработка да се ангажира архитект од друга општина кој ќе доаѓа во општината. За донесување на заклучок да се ангажира надворешно стручно лице архитект со предходно искуство со цел да се добие насока -како во иднина да се постапува при градбите со оглед на тоа што општината нема урбанистички планови, има заинтересирани граѓани кои сакаат да градат како да постапуваат и за изнаоѓање на законско решение на проблемот со спорните објекти, имало и други општини со слични проблеми нашле решение,-исто така да се побара стручно мислење како да се продолжи постапката за донесување на ГУП за Демир Хисар и урбанизација на населените места се со цел граѓаните кои сакаат да инвестираат во општината Демир Хисар да можат тоа на легален начин да го направат тоа и на наредна седница на дневен ред да се стави точка за постапка за донесување на ГУП за Демир Хисар со цел да се почни од некаде советниците гласаа со 11 „за“

Предлог 2. Да се поставaт фотоволтаици на крововите на јавните објекти поради високите сметки за струја, така што средствата за плаќање на сметките за струја да се пренасочат во инвестиција за фотоволтаици. Советникот Валентин Нестороски додаде вакви примери има во други

општини да се следат постапките. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски се согласи предлогот е разумен да се испитаат сите можности Советот ќе даде подршка иницијативата е добра. Затоа предложи општинската администрација да ги разгледа сите можности и постапки за поставување фотоволтаици. Исто така Претседателот на Совет Љупчо Најдовски додаде сите заклучоци кои ги носи Советот општинската администрација да ги реализира и да се поднеси извештај што е реализирано.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците до Советот има поднесено повеќе барања

-МЗ Единаковци за преземање на водоснабдителен систем беше точка на дневен ред се донесе одлука.

-МЗ Зашле Барање за 30.000 денари за санација објект сопственост на општината но жителите го користат објектот има потреба од реновирање. Советникот Сандра Пејковска забележа месните заедници не се правни лица неможи да добиваат средства. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да му се одобри 10.000 во градежен материјал сами ќе си поправат.

-Црковен одбор Стругово бараат машина за ископ на канал до манастирот за поставување на кабел. Советникот Валентин Несторoски се согласи во ред е да се пушти машината да ископа канал, но исто така таму требаше да се однеси и гребен асвалт на горниот дел од селото патот е многу оштетен, да се направи санација на патот. Советникот Јордан Кромидаровски забележа има многу барања од Црковни одбори, не треба се да се бара од општината, за потребата на црквите и манастирите има многу други начини да се добијат средства, од една страна кратиме на некој работи од друга страна одобруваме средства по барања, за кои можат средства да се добијат од други канали. За улицата во горниот дел на селото Стругово советникот Кромидаровски си зеде обврска кога ќе се створат услови тој ќе однесе чакал. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски упати пофални зборови за советникот Јордан Кромидаровски за желбата да помогне во санација на патот, потоа додаде сите овие барања се за потребите на граѓаните. Советниците едногласно се согласија машината од јавното комунално претпријатие да ископа канал за поставување на кабел и истиот да се затвори.

-барање од Брзевски Марјан од Сопотница кој го известува Советот иако ги исполнувал условите од огласот за соработник-психолог, имал повисок успех не бил примен во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван и ООУ „Даме Груев“ Смилево, заблешка упатува за прекршување на постапката при изборот. Советничката Сандра Пејковска истакна ова не е надлежност на Советот, ова е работа на просветниот инспектор.

-МЗ Журче барање за поставување на сверно огледало на едно критично место во селото каде има многу често проблеми во сообраќајот поради непрегледност, исто така поставување на 5 легнати полицајци, бидејќи многу брзо се вози низ селото и поставување на едно сијалично место кај домот, за сметка на тоа да се укинат две сијалични места кај манастирот Св. Илија. Барањето беше едногласно одобрено.

-МЗ Радово барање за санација на патот

Едногласно барањето беше одобрено

-МЗ Обедник барање финансиска помош од 30.000 денари за осветување на храмот. Едногласно беше одобрено 20.000 денари.

Советникот Сашо Михајловски истакна Јавната чешма кај ТИ-НАТ Демир Хисар бидејќи Советот нема донесено друга одлука да плаќаат по старата одлука.

Скалите на улица Веле Марков да се дозавршат уште неколку басамаци се останати, да се планира во програмата за 2023 година, тие се од јавен интерес.

Советничката Марина Димитријовска потсети на некоја од предходните седници се предлагаше да се постават решетки на отворениот канал покрај улицата во Сопотница заради безбедност, исто и барање има поднесено за тоа, праша зошто сеуште не е направено. Советникот Валентин Несторовски рече вакви решетки има готови можат да се набават и да се постават. Едногласно беше одлучено да се реализира ова барање.

Советничката Марина Димитријовска предложи да се направи санација на покривот на Домот во Сопотница, имено средствата што се земаат од закупнината на просторијата која беше издадена под закуп, да се искористат за санација на покривот на домот. Едногласно беше одобрен предлогот.

Забелешка за одржување на гробиштата, упатена до ЈКП „Комуналец“ повеќе да се грижи за тоа и да се санира тоалетот кај градските гробишта истиот во лоша состојба е. Повеќе немаше предлози и прашања.
Дневниот ред беше исцрпен. Претседателот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 1389/3
15.11.2022 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски